# *С О О П Ш Т Е Н И Е*

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ***ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР*** ВО АКАДЕМСКАТА ***2023/2024*** година ЗА СТУДЕНТИ НА **ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПИШАНИ ВО АКАДЕМСКАТА 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 год.** НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

---

1. Запишување на зимскиот семестар во академската 2023/2024 година, за студентите запишани во академската 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година, ќе се врши

**од 25.09.2023 година (понеделник)**

**до 29.09.2023 година (петок)**

**И ТОА ВО ТЕРМИНИТЕ:**

- **Студентите од II година 25.09.2023 година (понеделник)**
- **Студентите од III година 26.09.2023 година (вторник)**
- **Студентите од IV година 27.09.2023 година (среда)**

***ПРИ ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАРОТ,СТУДЕНТИТЕ ТРЕБА ЗАДОЛЖИТЕЛНО:***

- да го запишат електронски семестарот во **I-KNOW** системот и да изберат предмети во истиот семестар;
- **ИЗЈАВА ЗА ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** (се пополнува во ФСС на ФЗНХ, соба бр. 38А и се доставува до Студентски прашања);
- **Образец А3 за запишување на семестар и статистички образец ВОИ.20;**
- Индекс (во кој се запишани претходно електронски избраните предмети (Iknow) согласно со долунаведеното упатство **(ПРИЛОГ 1**)

2. ***Редовните студенти***, **запишани на сите студиски програми, кои имаат остварено услов за запишување на нареден семестар имаат обврска при запишувањето на зимскиот семестар да ја уплатат првата рата (I рата) од 100,00 Евра (во денарска противвредност) на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака - прва рата за запишување на година односно зимски семестар за редовни студенти запишани во државна квота.**

3. **Редовните студенти на сите студиски програми, кои не ги исполнуваат условите од точка 2, заклучно со август/септемвриската испитна сесија, можат да запишат нареден зимски семестар, со надомест од 3,33 евра за секој кредит од презапишан/неположен предмет од претходниот зимски семестар (6 кредити x 3,33 евра = 19,98 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.**

4. ***Редовните студенти со кофинансирање***, **кои ги исполнуваат условите за запишување на нареден семестар, запишуваат семестар со надоместок од 200,00Евра, (во денарска противвредност) на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака - прва рата за запишување на година односно зимски семестар за редовните студенти со кофинансирање.**

5. **Редовните студенти со кофинансирање, кои не ги исполнуваат условите од точка 4, заклучно со август/септемвриската испитна сесија,можат да запишат нареден зимски семестар , со надомест од 6,66 евра за секој кредит од презапишан/неположен предмет од претходниот зимски семестар (6 кредити x 6,66 евра = 39,96 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.**

6. ***Вонредните студенти***, **кои ги исполнуваат условите за запишување на нареден семестар запишуваат семестар/година со надоместок од 200,00 Евра(во денарска противвредност) уплатени на жиро сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ, со назнака - прва рата за запишување на година.**

7. **Вонредните студенти, кои не ги исполнуваат условите од точка 6, заклучно со август/септемвриската испитна сесија,можат да запишат нареден зимски семестар,со надомест од 6,66 евра за секој кредит од презапишан/неположен предмет од претходниот семестар (6 кредити x 6,66 евра = 39,96 евра од предмет, во денарска противвредност), уплатени на жиро-сметка на ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.**

8. **Право за доделување школарина (ослободување од партиципација) имаат сите редовни студенти кои студираат на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, кои не повторувале студиска година во текот на студирањето и ги имаат положено сите предвидени предмети во студиската година, заклучно со 14 септември секоја академска година.**
   **Критериум за доделување школарина е студентот да одржува континуиран просечен успех над 9,50 од првата до последната завршена студиска година, заклучно со 14 септември секоја академска година.**

**- ПРИЛОГ 1 -**

# УПАТСТВО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ/ПРЕЗАПИШУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ

**ПРЕЗАПИШУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ИНДЕКСОТ Е <u>ИСКЛУЧИТЕЛНО</u> ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:**

- **НЕПОЛОЖЕНИ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ**
- **НЕПОЛОЖЕНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ**
- **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**
- **ИЗБОРНИ ОД ТЕКОВЕН СЕМЕСТАР**

**<u>НАПОМЕНА</u>**:

- **Правила за запишување**

  1. Секој студент што запишува зимски семестар е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во зимскиот семестар според следните правила :
     - По правило студентот во секој семестар запишува предмети до најмногу 35 кредити;
     - При запишувањето на семестарот студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни предмети од претходниот зимски семестар, потоа неположените изборни предмети од претходниот зимски семестар,потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што вкупните студиски обврски во семестарот да не го надминат бројот од 35 кредити;
     - Условот за запишување на повеќе од 35 кредити е: положени предмети и реализирани сите кредити од сите претходно запишани предмети и просечна оцена најмалку 8,5. Студентите кои запишуваат поголем број кредити од 35, поднесуваат Барање за одобрување запишување поголем број кредити (во писмена форма, до продеканот за настава на Факултетот, преку архивата на Факултетот).

- Согласно Правилата за студирање студентот го губи статусот на студент запишан во државна квота (квота со партиципација) и ги продолжува студиите во квота со кофинансирање (квота со школарина) ако :
  - еден предмет запише по трет пат;
  - не освоил најмалку 50% од запишаните ЕКТС кредити во зимскиот семестар од претходната учебна година.

  Оваа одлука се однесува при запишување на сите наредни зимски/летни семестри.

- Студентите кои ќе ги положат неположени предмети од претходниот зимски семестар заклучно со дополнителната октомвриска сесија, имаат право дополнително да ги запишат преостанатите кредити од тековниот семестар и да добијат потпис за реализирана обврска за истите.

- Редовните студенти, редовните студенти со кофинансирање, вонредните студенти и апсолвентите, со запишувањето на зимскиот семестар имаат обврска за уплата и на следниве надоместоци:

а) **ПОТВРДА** за уплатени **750,00 денари – за информативни, информатички, културни и спортски активности** на студентите на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака: **ИКСА на УКИМ за ФЗНХ – Скопје** на жиро сметка **100000000063095**, депонент: **НБРМ**, со сметка на буџетски корисник **1600103689 788 18** приходна шифра **723012**, програма **41**.

**б) ПОТВРДА** за уплатени **1.950,00 денари – за активности и услуги** на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје со назнака: **за АУС на ФЗНХ – Скопје**, на жиро сметка на Факултетот за земјоделски науки и храна **1600104545 788 10**, банка на примач: **НБРМ** со трезорска сметка **100000000063095**, повикување на број **723119**, програма **41**, начин **1**.

**в) ПОТВРДА** за уплатени **100,00** денари (плава уплатница) со назнака:

**за осигурување од незгода ФЗНХ по анекс 1429348**
**Жиро сметка: 270000002025538;Банка на примачот: Халк Банка;**
**Назив на примачот: ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ**

**г) ПОТВРДА** за уплатени **100,00** денари со назнака: **Факултетско студентско собрание (ФСС) при ФЗНХ** на жиро сметка на Факултетот за земјоделски науки и храна **1600104545 788 10**, банка на примач: **НБРМ** со трезорска сметка **100000000063095**, повикување на број **723019**, програма **41**, начин **1**. ***(препорака)***

| ЖИРО СМЕТКАТА НА ФАКУЛТЕТОТ Е:<br><br>ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА-СКОПЈЕ, Ж.С.1600104545 788 10, со ТРЕЗОРСКА СМЕТКА 100000000063095 и ПОВИКУВАЧКИ БРОЈ 723012, ПРОГРАМА 41, НАЧИН 1, СО НАЗНАКА: ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРИМАЧ: НАРОДНА БАНКА НА РСМ. |
|---|

*ПОТРЕБНИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИТЕ МОЖАТ ДА ГИ НАБАВАТ ВО ФОТОКОПИРНИЦАТА НА ВЛЕЗОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.*

*ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ*